# ПРАВОТО НА ГЛАС НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## МОНИТОРИНГ НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020



WFD

ИНКЛУЗИВА

Western Balkans Democracy Initiative

Funded by UK Government

# ПРАВОТО НА ГЛАС НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## МОНИТОРИНГ НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 г.

**Издавач:** Здружение „Инклузива“ - Куманово

**За издавачот:** Благица Димитровска, Претседателка

**Автори:** Благица Димитроска, Татјана Арсовска

**Лектура и превод:** Арбен Имери

**Графичко уредување:** KOMA

**Година на издавање:** 2021 г.

**Изработено со поддршка од Фондацијата за демократија на Вестминстер преку Иницијативата за демократија на Западен Балкан.**

Скопје, јануари 2021 г.

Подготовката на оваа анализа е поддржана од Иницијативата за демократија на Западен Балкан, програма на Фондацијата за демократија на Вестминстер. Содржината на оваа анализа не ги одразува ставовите или мислењата на Фондацијата за демократија на Вестминстер или на Британската влада.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕУ | Европска унија |
| КПЛП | Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост |
| СЗО | Светска здравствена организација |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ОИК | Општински изборни комисии |
| ИО | Избирачки одбори |
| ИЕ | Изборна единица |

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки 3

Предговор 6

**1. Вовед 8**

**2. За проектот 10**

**3. Позадина 11**

**4. Резиме од набљудување на избори 2020 г. 16**

**5. Набљудување на изборите 19**

**6. Резултати од набљудување на гласањето 24**

- **А.** Пристапност на објектите и просториите **26**
- **Б.** Пристапност на процесот на гласање **39**
- **В.** Мерки за заштита од ширење КОВИД-19 при изборниот процес **49**
- **Г.** Други неправилности во изборниот процес **52**

**7. Заклучоци од набљудување на гласањето** 54

**8. Информирање за изборите и предизборните кампањи** 56

**9. Анализа од набљудување на медиумското известување за време на предизборни кампањи 2020 г.** 63

**А.** Централни вести 68

**Б.** Дебатни политички емисии 72

**В.** Изборен ден 75

**10. Препораки** 77

# ПРЕДГОВОР

Анализата од мониторингот на парламентарните избори 2020 г. во Република Северна Македонија е резултат од досега најбројната набљудувачка мисија сочинета од лица со попреченост како набљудувачи. Ова е првото вакво набљудување на парламентарни избори, но и во околности на глобална пандемија. Оваа анализа служи да ги потсетува институциите за тоа дека правото на глас на граѓаните со попреченост во државата, за жал, сè уште не е загарантирано. Лицата со попреченост, иако се бројна група од населението, се речиси невидливи и малку застапени во медиумскиот дискурс како и информирањето при изборите. Гласачите со попреченост се соочуваат со непристапни гласачки места и ограничувања при користење на правото на глас. Иако се направени исчекори во форма на помагала за самостојно гласање, просторот за подобрување останува голем. На крајот, граѓаните со попреченост ретко можат да ги препознаат своите потреби и на кандидатските листи на политичките партии да пронајдат кандидати кои самите се лица со попреченост.

Од овие причини, ни претставува чест што можевме да придонесеме кон зголемување на видливоста на лицата со попреченост во изборниот процес. Особено е драго да се чујат мислењата на самите набљудувачи, за кои ова беше едукативно искуство, но и можност за граѓанска ангажираност во демократските процеси. Еден од набљудувачите посочи дека се чувствува охрабрен што членовите на избирачките одбори можат да ги препознаат лицата со попреченост и тоа не само како гласачи туку и како набљудувачи на овој процес. Се надеваме дека лицата со попреченост ќе продолжат да учествуваат во набљудувањето на изборите.

Намерата на овој извештај е да им помогне на институциите, особено оние задолжени за изборниот процес, да ги согледаат практичните предизвици со кои се соочуваат овие граѓани и да работат на отстранување на препреките. Политичките партии, кои покажуваат подобру-

вања во пристапноста во последните изборни циклуси, да продолжат уште поинтензивно со подобрување на својата достапност, но и со вклучување на граѓаните со попреченост во како во својата работа, членство и органи, така и на своите кандидатски листи. Без присуството на лицата со попреченост во репрезентативните институции, се доведува во прашање нивната репрезентативност на сите граѓани.

Сакаме да упатиме благодарност до Фондацијата за демократија на Вестминстер која го поддржа ова набљудување преку Иницијативата за демократија на Западен Балкан поддржана од Владата на Велика Британија и нивните заложби за лицата со попреченост во земјата. Упатуваме благодарност до останатите членови од Инклузива кои дадоа поддршка во целиот овој процес. Благодарност до Марија Башеска за толкувањето и поддршката на знаковен јазик. И за крај, благодарност до сите набљудувачи на овие парламентарни избори без чиј труд немаше да биде можен овој потфат и им посакуваме уште многу успеси и граѓанска ангажираност.

# 1. ВОВЕД

Лицата со попреченост во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст РСМ) се соочуваат со низок степен на учество во политичките процеси и носењето одлуки. Оваа појава е последица на долгогодишното практикување на медицинскиот пристап кон попреченоста, според кој, на лицата со попреченост се гледа како на предмети за добротворни цели и лечење наместо граѓани со еднакви политички и изборни права.

Според истражувањето на ОБСЕ[1] од 2017 година, 27% од испитаниците од политичките партии сметаат дека лицата со попреченост учествуваат во политичкиот и јавниот живот. Во истражувањето на Инклузива од 2016 година, само 1% од испитаниците со попреченост се изјасниле дека учествуваат во политичкиот живот. Според овие податоци, лицата со попреченост не се доволно се вклучени во политичките процеси, додека политиката се занимава со нив и се носат мерки и политики кои директно влијаат на нивните животи, без оглед дали тие се вклучени или не.

Од исклучителна важност е лицата со попреченост да знаат дека имаат право и дека треба да учествуваат во политичките процеси и процесите на донесување одлуки, затоа што само така ќе можат да ги искажат своите потреби и да предложат начини како да се задоволат тие потреби.

Прашањето за еднакво учество на лицата со попреченост во политичкиот живот се препознава како еден од принципите во Конвенцијата на Обединетите нации за права на лицата со попреченост[2], која бара од земјите членки тесно да соработуваат и активно да ги вклучуваат лица со попреченост, вклучувајќи и нивните застапници и претставници од

1 https://bit.ly/3pxAX87

2 Конвенција на ОН за правата на лицата со попреченост: https://bit.ly/2Mzdg06

нивните невладини организации, во креирањето политики и во други процеси во општеството.

Еден од првите и основните начини на политичко вклучување на лицата со попреченост е нивната вклученост во изборните процеси и остварувањето на основните граѓански права да избираат и да бидат избрани. Во овој процес, како и во многу други, постојат низа предизвици, но постојат и можности за нивно надминување.

Со поголемо учество во изборните и политичките процеси, лицата со попреченост ќе ги зајакнат другите политички актери, подобро и поефикасно да одговорат на потребите и проблемите на сите граѓани.

# 2. ЗА ПРОЕКТОТ

Извештајот за правото на глас на лицата со попреченост од мониторингот на Парламентарните избори во 2020 година е подготвен од страна на здружението Инклузива, со поддршка од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во рамките на Иницијативата за демократија на Западен Балкан, финансирана од Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и на Северна Ирска. Во Северна Македонија, ВФД го спроведува проектот „Поддршка на политичкото учество на маргинализираните групи и лицата со попреченост". Преку овој проект, здружението Инклузива го организираше првиот мониторинг на парламентарни избори и во услови на глобална пандемија – КОВИД-19 од страна на лица со попреченост во јули 2020 година. Покрај набљудувањето на изборниот процес, Инклузива вршеше и набљудување на медиумското известување во врска со пристапноста и учеството на лицата со попреченост во изборниот процес. Преку оваа активност, ВФД цели да даде поддршка на политичкото учество и користењето на правото на глас на лицата со попреченост, да ја зголеми видливоста на ова прашање во јавноста и да придонесе кон создавањето реални и релевантни препораки и политики со цел да се подобри политичкото учество на лицата со попреченост во изборниот процес.

# 3. ПОЗАДИНА

Демократскиот систем во секоја држава предвидува заложби и мерки со кои на сите граѓани им се овозможуваат услови и можности за еднакво вклучување во политичкиот живот. По прогласувањето на независноста во 1991 година, во РСМ се одржани четири редовни и четири предвремени парламентарни избори. Последните парламентарни избори беа одржани во 2016 година. Во досегашните состави на македонското повеќепартиско Собрание, нема ниту еден избран пратеник со попреченост, што укажува на фактот дека на овие граѓани ова загарантирано право им е ограничено.

Изборното и политичкото право на лицата со попреченост е споменато во повеќе меѓународни и домашни документи. На 5 декември 2011 година, РСМ ја ратификуваше КПЛП[3], вклучувајќи го и член 29 кој се однесува на учеството во политичкиот и јавниот живот. Од тогаш, нашата држава презеде обврска да ги спроведува одредбите од Конвенцијата.

Во 2016 година, здружението Инклузива, преку истражувачки активности, ги утврди препреките за учество во политичкиот и изборниот живот на лицата со попреченост. Заклучоците и препораките од истражувањето ги достави до Државната изборна комисија (ДИК), институција надлежна за организирање и спроведување на изборните процеси, по што е воспостана соработка и партнерство помеѓу двата субјекта. Со заеднички заложби на ДИК и Инклузива воведени се дополнителни ресурси за поддршка на сите гласачи, вклучувајќи ги и гласачите со попреченост како што се: употребата на шаблон за гласање на гласачи кои се слепи или имаат слаб вид, граничник за потпишување и сликовни прикази за процесот на гласање.

3 Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, „Службен весник“, бр.172/2011, од 14. декември 2011 година, достапно на: https://bit.ly/2YsL6af)

Во 2018 година, Инклузива за прв пат стана организација акредитирана за наблудување со свои наблудувачи и континурано ги мониторира сите изборни процеси во државата во поглед на попреченоста.

За да се добие верodостојна слика за тоа со какви предизвици се соочуваа лицата со попреченост за предвремените Парламентарни избори во 2020 година во услови на глобалната пандемија – КОВИД-19, во однос на пристапот до ресурси, права и услуги за еднакво учество во политичкиот и изборниот процес, како кандидати, набљудувачи и гласачи, Инклузива со свои акредитирани набљудувачи со попреченост го набљудуваше целиот изборен процес.

Резултатите од набљудувањето се од особена важност за идните иницијативи за општествени промени, промени во политиките и програмите, но и при создавањето алатки за утврдување на идните практики за застапување и делување во насока на зголемување на правата на лицата со попреченост.

Во понатамошниот дел од документот се наоѓаат резултатите кои произлегоа од набљудувањето.

# ЗАКАЖУВАЊЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020

Изборите во 2020 година редовно требаше да се одржат во декември, но, откако земјите-членки на ЕУ не одредија датум за пристапни преговори за РСМ, беше донесена одлука да се одржат предвремени парламентарни избори на 12 април 2020 година.

Во периодот пред одржувањето на превремените парламентарни избори, РСМ беше погодена од пандемијата на КОВИД-19, поради која изборниот процес беше прекинат, а подоцна беше утврден датум за одржување на изборите на 15 јули 2020 г.

Според Уредбата со законска сила[4] што ја донесе Владата на РСМ, за овие избори се гласаше во период од 3 дена, односно на 13-ти, 14-ти и 15-ти јули. На изборниот ден, на 15 јули, избирачките места беа отворени во 07:00 часот, а гласањето траеше до 21:00 часот. Денот на одржувањето на изборите, 15 јули, беше прогласен за неработен ден, а изборите се спроведоа во согласност со Задолжителните препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес[5], донесени од ДИК.

4 Уредбата со законска сила што ја донесе Владата на РСМ: https://vlada.mk/node/21766

5 Задолжителни препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес: http://bit.ly/3r6hYC4

# ПРАВНА РАМКА

Последниот попис во РСМ е направен во 2002 година и поради тоа не постојат статистички податоци за лицата со попреченост, што е голем проблем при застапување на нивните права.

Според Светската здравствена организација (СЗО)[6], 15% од глобалното население има некој вид попреченост. Во корелација со податокот од 1 јули 2020 година, кога ДИК го заклучи избирачкиот список, конечниот список содржеше 1.814.263 лица со право на глас. Ова е значаен показател дека на приближно 272.139 наши граѓани со попреченост им е отежнато, оневозможено или одземено правото да учествуваат во изборните процеси, како гласачи, набљудувачи или кандидати. Член 29 од КПЛП, која РСМ ја потпиша во 2007 година, а ја ратификува во 2011 година, ги гарантира правата на лицата со попреченост за еднакво учество во јавниот и политичкиот живот.

Здружението Инклузива од 2016 година наваму постојано дава препораки за усогласување на изборното законодавство со одредбите од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, кои во голем дел се преклопуваат и со препораките на ОБСЕ/ОДИХР, но до сега е направено многу малку.

Законската рамка за овие избори претрпе промени кои влијаеја врз клучни елементи на изборниот процес. За жал, предлозите од Инклузива кои беа дадени и прифатени во меѓуинституционалната работна група за измена на Изборниот законик (2018 година), не беа земени предвид.

Уставните и законските одредби за одземање на деловната способност на лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост, иако

6 http://bit.ly/3r5BVZD

се во спротивност со потпишаните меѓународни документи и стандарди, останаа непроменети, со што на овие лица повторно им беше одземено правото на учество во изборниот процес. Со последните измени во Изборниот законик, беше овозможено да гласаат избирачите кои на денот на изборите се згрижени во посебни установи за вонсемејна грижа во општината кадешто престојуваат, но ова право беше овозможено само за избирачи кои престојуваат во домови за стари лица.

Во член 111 (Гласање на болно и немоќно лице) од Изборниот законик и во Упатството за гласање на немоќно и болно лице[7], лицата кои и понатаму гласаат на овој начин се третираат и евидентираат како болни и изнемоштени, а не како лица со попреченост, а евидентирањето на гласачи кои гласаат со подршка од друго лице, продолжи да се врши заедно со гласачи кои не се писмени. Ова беше првиот изборен процес што се спроведе за време на глобална пандемија предизвикана од новиот коронавирус и според Задолжителните препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес.

Инклузива изготви иницијатива со препораки за информирање и заштита на гласачите, набљудувачите и членовите на изборните органи кои имаат попреченост. Иницијативата беше доставена до Комисијата за заразни болести и ДИК, но препораките не беа целосно вклучени. За целиот процес на гласање и заштита од КОВИД-19, како и правилно користење на материјалите за поддршка, Инклузива изготви Аудио[8] упатство за гласање на лица кои се слепи или со слаб вид што ДИК го усвои на својата редовна седница.

7 Упатство за гласање на немоќно и болно лице достапно на: **http://bit.ly/2MbfK5A**

8 Аудио упатство за гласање на лица со визуелна попреченост: **http://bit.ly/3rblR8R**

# 4. РЕЗИМЕ НА АНАЛИЗА ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИ 2020

Здружението „Инклузива“ организираше набљудување на парламентарните избори на 15 јули 2020 г. од страна на набљудувачи кои се лица со попреченост. Ова е првото набљудување на парламентарни избори изведено на ваков начин. Набљудувањето го вршеа 67 набљудувачи со попреченост, кои го следеа изборниот процес на 201 избирачко место во земјата. Во пресрет на парламентарните избори, здружението го следеше и известувањето на 9 ТВ медиуми за време на предизборните кампањи за да го анализира покривањето на теми од интерес на лицата со попреченост.

Избирачките места во голема мера остануваат непристапни за граѓаните со попреченост. Пред 76% избирачки места има скали, а само на 45% од нив има рампи. Голем дел од постоечките рампи (42%) не се пристапни, бидејќи ја немаат потребната ширина или косина.

Споредните влезови на избирачките места, кои може да го олеснат пристапот често не се користат. Иако на 42% од набљудуваните избирачки места има споредени влезови, само 23% од нив беа отворени на денот на гласање. Од набљудуваните избирачки места, 82% се наоѓаа на приземје, но во 48% од објектите имаше простории и на кат, а само во 2% од објектите имаше поставено лифт.

На 86% од избирачките места вратите се со соодветна ширина за секој гласач да помине непречено, вклучувајќи ги и гласачите во инвалидска количка. Во 78% од просториите во кои се гласа, има доволно широк простор за лесно движење на гласачите со попореченост во текот на целата постапка за гласање, а во 97% од избирачките места има доволно

светлина за да може јасно да се видат материјалите и гласачките ливчиња.

За време на изборите се користат неколку алатки за пристапно гласање на лицата со попреченост, односно: паравани на висина за лице во количка, шаблон за гласање на Браево писмо и граничник за олеснето потпишување. Сепак, иако овие алатки се воведени минатите години, во голема мера избирачките одбори не ги користат соодветно или воопшто, со што не се достапни за гласачите на кои им се потребни.

На 70% од опфатените избирачки места има граничник за потпис. Граничникот за поддршка во иднина наместо од проѕирен материјал, треба да се изработува од материјал во боја за подобро да ја врши својата фунција.

Шаблон со Браево писмо имало на 71% од набљудуваните гласачки места, но на 47% од нив шаблоните не се извадени од кутиите на доставени материјали, а членовите на избирачките одбори не се запознаени со нивната намена. На две избирачки места, гласачите кои го користеле шаблонот, реагираат дека Брајовото писмо не е читливо.

На сите набљудувани избирачки места нема параван во висина на гласач во количка, туку само на 79% од нив. На 34% од гласачките места параваните не биле поставени правилно, односно, не можело да се пристапи до местото каде што бил поставен параванот. На 29% од набљудуваните избирачки места, нема гласачка кутија поставена на висина на лице во количка.

На 54% од избирачки места се забележани лица со попреченост, од кои, на 28% им била дадена потребната поддршка, но на 26% не. На 8% од избирачките места се забележани гласачи кои поради непристапноста не можеле го остварат правото на глас.

За време на предизборните кампањи, при покривањето на известувањето на 9 телевизии, забележано е дека вестите и дебатните емисии се претежно недостапни, а темите од интерес за лицата со попреченост се многу малку застапени. Централните вести на 6 од медиумите се недостапни, на 2 медиуми има титлување што овозможува поголема пристапност, иако примарната цел е превод на содржината, додека само на 1 медиум се користи знаковен јазик.

За време на мониторингот, само 4 од 9 телевизии во своите вести имаат содржини за прашања поврзани со лицата со попреченост. Од следените дебатни емисии, само на 2 емисии се дискутираше за правата на оваа група.

Податоците добиени од набљудувањето на предвремените парламентарни избори во 2020 година идентификуваа многу проблеми, тешкотии и ограничувања што ги спречуваат лицата со попреченост да учествуваат во изборните процеси на еднаква основа со другите. Спроведувањето системски решенија за зголемено учество на лицата со попреченост и обезбедувањето право на глас треба да се еден од приоритетите на институциите. Политичките партии треба да вложат поголем напор да ги вклучат лицата со попреченост во својата работа и сопствената достапност, особено при изборните процеси. Медиумите имаат клучна улога за обезбедување поголемо присуство за теми и лица со попреченост во медиумскиот простор и сопствената пристапна комуникација, за зголемување на важноста на овие прашања во јавниот дискурс.

# 5. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

## 5.1. МЕТОДОЛОГИЈА

Од 16 февруари 2020 година, кога Државната изборна комисија ги распиша Предвремените парламентарни избори во РСМ поставувајќи го 12-ти април како првичен датум за Предвремени парламентарни избори 2020 година, здружението Инклузива започна со подготовка и реализација на Програмата за набљудување.

Со цел да бидат набљудувани избирачките места во сите шест изборни единици, здружението Инклузива објави јавен повик за пријавување на набљудувачи со попреченост. По составување на списокот на лица кои ги исполнуваа однапред утврдените критериуми, Инклузива започна со подготовки за реализирање на обуки за набљудувачите.

Поради пандемијата на КОВИД-19, обуките беа одложени затоа што беа прекинати сите изборни дејствија и беа донесени мерки за заштита и спречување на вирусот КОВИД-19, со што се оневозможи и не беше препорачливо организирање на настани.

Откако 15 јули 2020 година беше утврден како датум за спроведување на изборите, Инклузива аплицираше до ДИК за овластување и акредитација на најголем број на набљудувачи до сега. Акредитација добија сите набљудувачи, а набљудувањето го вршеа 67 набљудувачи со попреченост.

Социо-демографската структура на набљудувачите со попреченост за овие избори беше следната:

Графикон 5.1.
**Пол**




Графикон 5.2.
**Попреченост**




Графикон 5.3.
**Националност**




- Според пол: 60% машки, а 40% женски лица;
- Според видот на попреченост доминираа лица со телесна попреченост 63%, лица со пречки во видот 15%, со пречки во слухот 19% и лица со интелектуална попреченост 3%;
- Според националноста, 85% беа Македоци, 9% Албанци, 4% Срби и Роми 2%;

Триесет лица со попреченост имаа набљудувачко искуство, додека 37 за прв пат набљудуваа изборен процес.

# 5.2. ОБУКА НА НАБЉУДУВАЧИ

По објавувањето на датумот за избори, поради безбедноста по здравјето на учесниците, обуките се водеа интернет за кои се извршија соодветни прилагодувања.



На фотографијата се учесници на обука кои се глуви и за првпат набљудуваа изборен процес

На обуките учесниците беа запознаени со сите процедури, правила и методи за наблудување. Во содржината на обуките посебен акцент беше ставен на препораките и мерките за заштита од КОВИД-19. Со оваа содржина, тие се стекнаа со вештини за проценка на пристапноста на избирачки места и за соодветно приспособување на изборните процеси за гласачи со различни видови на попреченост.

# 5.3. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Тимот на проектот ги обработи сите податоци од наблудувањето користејќи електронски софтвер и ексел табели. Добиените резултати служеа за подготовка на овој документ, од којшто произлегоа нови иницијативи што ќе се доставaт до изборните органи, институции, политички партии и други засегнати страни, со цел да се разбере потребата од создавање и организирање на поинклузивни политички и изборни процеси во иднина.

# 5.4. ГЕОГРАФСКА ПОКРИЕНОСТ

Графикон 5.4.

**Опфат на избирачки места по Изборни единици**




Графикон 5.5.

**Опфат на општини по Изборни единици**



Графикон 5.6.

**Распоред на набљудувачи по изборни единици**




На трите графикони, процентуално се прикажани: опфатот на избирачките места, опфатот на општините и распоредот на набљудувачите по изборни единици.

Мониторингот на гласачките места се одвиваше во сите (шест) изборни единици, во 28 општини, во урбани и рурални средини, на 201 гласачко место.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

## ГЛАСАЊЕ ПРЕД ИЗБОРНИОТ ДЕН

| Број на гласачи кои гласаа на 13 јули | Број на гласачи кои гласаа на 14 јули |
|---|---|
| (лица кои се во домашен карантин поради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација) | (8.852 болни и немоќни лица, 1.657 во казнено-поправни домови, 6 внатрешно раселени лица и 357 гласачи во домови за стари лица) |
| 723 | 10.872 |

За првпат, на овие избори се гласаше во период од три дена. Во табелата погоре се прикажани податаци од 13 и 14 јули 2020 г. На 13 јули гласаа лицата кои се во домашен карантин заради позитивен тест на КОВИД-19 и лицата на кои им е одредена мерка самоизолација со решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат. На 14 јули гласаа немоќните и болните лица, како и хронично болните и останатите лица кои, согласно Изборниот законик, гласаат еден ден пред одржувањето на изборите. Истиот ден за прв пат гласаа и лицата кои престојуваат во сите домови за стари лица, а дел од лицата кои престојуваат во овие домови имаат и некој вид на попреченост.

# ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ДЕН

На изборниот ден, секој член на ИО треба да се грижи сите активности кои се извршуваат во гласачкото место да бидат во согласност со процедурите содржани во Прирачникот за едукација. За предвремените парламентарни избори на 15 јули 2020 г., ИО имаа и посебни обврски согласно препораките за КОВИД-19.

Графикон 6.1.

**Дали на избирачкото место има други набљудувачи со попреченост?**




Во поглед на домашните акредитирани набљудувачи, на овие избори беше забележано дека е зголемен бројот на набљудувачи со попреченост во споредба со предходните избори (Претседателски избори 2019 г.). Од 201 набљудувано избирачко место, на 15% се забележани други набљудувачи со попреченост, а на претходните избори имаше само 4%. Сметаме дека овој процент е постигнат од причина што беа повлечени здравствените работници кои се членови на ИО, а се назначени лица од администрација каде има вработено лица со попреченост.

Овој податок посочува дека лицата со попреченост и во вакви услови сакаат и можат да бидат дел од сите процеси во државата, само треба да бидат препознаени нивните можности и способности.

Здружението Инклузива го набљудуваше изборен процес со 67 набљудувачи со попреченост, а во понатамошниот дел од документот ќе бидат сумирани резултатите според најважните теми што произлегоа од набљудувањето.

# А. ПРИСТАПНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ И ПРОСТОРИИТЕ

## А.1. ПРИСТАП ДО ОБЈЕКТОТ ЗА ГЛАСАЊЕ

Избирачките места се во сопственост на државните институции и локалните самоуправи кои имаат обврска да обезбедат пристап до јавните услуги за сите граѓани. Избирачките места главно се наоѓаат во училишта каде што се образуваат деца и млади, вклучувајќи ги и оние со попреченост.

Во случај кога на одредена локација нема на располагање јавен објект за избирачко место, ДИК може да изнајми приватен објект. Во таков случај, ДИК треба да се придржува кон стандардите за пристапност и да избере пристапен приватен објект.

Затоа, во предизборниот период регионалните канцеларии на ДИК треба да извршат проценки на секое гласачко место под нивна надлежност и да преземат соодветни активности за да се осигура дека сите ги исполнуваат стандардите за пристап на лицата со попреченост или дека се користат алтернативни места што ги исполнуваат овие стандарди.

Графикон 6.2.

**Дали пред избирачкото место постои паркинг?**



Графикон 6.3.

**Дали има означено паркинг место за лица со попреченост?**




За овие избори од страна на ДИК беше најавено дека повеќе гласачки места ќе се симнат на приземје, како дел од заштита од КОВИД-19, но и дека ова ќе овозможи поголема физичка пристапност.

Графикон 6.4.

**Дали при пристап до избирачкото место има скали?**




Графикон 6.5.

**Ако има скали пред избирачкото место, дали има рампа?**




Графикон 6.6.

**Дали рампите се пристапни?**



Во однос на надворешната пристапност до избирачките места добиени се следниве податоци: од 201 набљудувано избирачко место, паркинзи има пред 70%, кои во голема мера го олеснуваат пристапот до избирачките места за лицата со попреченост. Меѓутоа, загрижувачки е податокот дека од постоечките паркинзи, само на 17% од нив има означено паркинг место за лица со попреченост.

Од 201 избирачко место, скали има пред 76% избирачки места, од кои само на 45% има рампи. Од постоечките рампи, 42% не се пристапни, бидејќи ја немаат потребната ширина или косина. Анализата на податоците погоре посочува дека од набљудуваните избирачките места, над 70% немаат пристап за лица со попреченост.

Непристапни избирачки места во Изборна единица 3

Кога овој податок ќе се спореди со податокот од набљудувањето на претседателските избори во 2019 година, се гледа дека нема подобрување во решавањето на овој проблем.





*Пристапност до влез на објектите за гласање, по Изборни единици:*

Графикон 6.7.

**Паркинзи во ИЕ 1**




Графикон 6.8.

**Паркинзи во ИЕ 2**




Графикон 6.9.

**Паркинзи во ИЕ 3**




Графикон 6.10.

**Паркинзи во ИЕ 4**



Графикон 6.11.

**Паркинзи во ИЕ 5**




Графикон 6.12.

**Паркинзи во ИЕ 6**




Графикон 6.13.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 1)**




Графикон 6.14.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 2)**



Графикон 6.15.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 3)**




Графикон 6.16.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 4)**




Графикон 6.17.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 5)**




Графикон 6.18.

**Пристап до влез на избирачки места (ИЕ 6)**



Со оглед дека повеќето избирачки места се наоѓаат во јавни објекти, тие имаат посебни влезови за испорака на храна, материјали и опрема. Во повеќето објекти, овие споредни влезови се прават според стандардите за пристапност и може да се користат како алтернативен влез за гласачите со попреченост.

Графикон 6.19.

**Дали има спореден влез?**




Графикон 6.20.

**Дали е отворен споредниот влез?**




Графикон 6.21.

**Дали има поставена ознака кон споредниот влез?**




На 42% од набљудуваните избирачки места има споредени влезови, но само 23% од нив беа отворени на денот на гласањето.

Кога е достапен алтернативен влез треба да има јасни упатства за наоѓање и користење на овој влез, за овие избори само на 21% од избирачките места беа поставени ознаки кон алтернативните влезови.

*„На избирачко место 1530 има спореден влез што е пристапен за лица со попреченост, но нема никаква ознака кон него и беше затворен до попладневните часови“* [9]

## А.2. ПРИСТАП ВО ОБЈЕКТОТ ЗА ГЛАСАЊЕ

За гласачите и набљудувачите со попреченост (лица со потешкотии при движење и лица кои се слепи или имаат слаб вид), како и за гласачите кои се постари, од големо значење е дали е пристапен објектот за гласање на избирачкото место.

Од 201 избирачко место, на 29% при влезот во внатрешноста има скали што претставува голем проблем, дополнително на 31% од нив веднаш до влезот има сунѓерска подлога за дезинфекција преку која лицата со попреченост не се во можност да поминат.

*„На избирачкото место 2486, пред секоја врата имаше сунгер за дезинфекција на чевли, па лица во количка и со штаки не можеа да влезат да гласаат“.* [10]

9 Набљудувач од Пробиштип (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

10 Набљудувач од Скопје (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

Графикон 6.22.

**Дали при влезот внатре во објектот има скали (не до горниот кат)?**




Графикон 6.23.

**Дали избирачкото место е на приземје?**




Графикон 6.24.

**Дали во објектот има лифт?**




Од 201 избирачко место што го набљудуваа лицата со попреченост, 82% се наоѓаа на приземје, но во 48% од објектите имаше простории и на кат, а само во 2% од објектите имаше поставено лифт.

Графикон 6.25.

**Дали во ходниците има непотребни предмети?**



Графикон 6.26.

**Дали избирачкото место, има тоалет во близина?**




Графикон 6.27.

**Дали тоалетот е пристапен за лица со попреченост?**




Од 201 набљудувано избирачко место, на 9% од нив има непотребни предмети во ходниците до избирачкото место, кои го попречуваат движењето на избирачите со попреченост, во 93% од нив има тоалет во близина, но еден дел од тоалетите се заклучени.

Голем проблем е што само 60% од тоалетите се пристапни за лицата со попреченост, постојат скали, високи прагови за пристап во нив, а во внатрешноста има тесни ходници и врати.

*„На избирачко место 0727 има тоалет, ама беше заклучен цело време, огромен проблем имавме и ние и членовите на ИО.“* [11]

11 Набљудувач од Кичево (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

# А.3. ПОДДРШКА ПРИ ПРИСТАП ВО ИЗБИРАЧКО МЕСТО

Постојат неправилности и пречки кои влијаат гласачот со попреченост да не го оствари своето право на глас, иако надвор или внатре во избирачкото место има создадено услови за непречено гласање.

Графикон 6.28.

**Дали ИО им дава поддршка на лица со попреченост при пристап до гласачко место?**




Графикон 6.29.

**Дали членовите на ИО даваа предност на гласачите со попреченост?**




За гласачите со попреченост кои не можат да влезат, односно пристапат во гласачкото место, избирачкиот одбор е должен да им овозможи на соодветен начин да пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас.

Од 201 набљудувано избирачко место, во 54% од избирачки места се забележани лица со попреченост, од кои на 28% од избирачките места на гласачите со попреченост им била дадена потребната поддршка, на 26% не. На 8% од избирачките места се забележани гласачи кои поради непристапноста не можеле го остварат правото на глас.

Гласачите со потешкотии во движењето не можат долго да стојат и, ако не им се даде предност, може да се откажат од гласачкото право. Од набљудуваните 201 избирачко место, на 60% од нив се забележани

гласачи со потешкотии при движење, од кои на 39% им била дадена предност при остварување на гласачкото прво, но на 21% не. Во коментарите на набљудувачите е забележано дека еден дел од членовите на избирачкиот одбор не знаеле како да им помогнат на гласачите со попреченост, а другите поради задолжителната физичка дистанца не знаеле дали им е дозволено да им се приближат за да им пружат поддршка.

*„Во текот на моето набљудување на гласачко место 1539 имаше лица со попреченост на кои им беше потребна поддршка, но членовите од ИО не беа информирани дали имаат право да им помогнат на гласачите и цело време држеа дистанца.“* [12]

## А.4. ПРИСТАП ВО ПРОСТОРИЈАТА ЗА ГЛАСАЊЕ

Просторијата за гласање е многу важен елемент во остварувањето на избирачкото право. На денот на гласањето од големо значење е дали во просториите за гласање е овозможено гласачите непречено и самостојно да ги спроведат сите постапки во процесот на гласање.

12 Набљудувач од Пробиштип (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

Графикон 6.30.

**Дали вратата на просторијата за гласање е доволно широка да влезе гласач во количка?**




Графикон 6.31.

**Дали во просторијата за гласање има простор за движење на гласачи со попреченост?**




Графикон 6.32.

**Дали во просторијата за гласање има доволно светлина?**




**Од 201 избирачко место, на 86% од нив има врата со потребна ширина за да помине непречено секој гласач, вклучувајќи ги и гласачите во инвалидска количка. Во 78% од просториите во кои се гласа има доволно широк простор за лесно движење на гласачите со попопреченост во текот на целата постапка за гласање, а во 97% од избирачките места има доволно светлина за да може јасно да се видат материјалите и гласачките ливчиња.**

# Б. ПРИСТАПНОСТ НА ПРОЦЕСОТ НА ГЛАСАЊЕ

## Б.1. ПРОЦЕС НА ГЛАСАЊЕ

За да можат избирачите и набљудувачите навремено и правилно да ги спроведат сите процедури во изборниот процес, гласачкото место треба да биде отворено на време, но и да се присутни сите членови на ИО (5 члена). Набљудувачите со попреченост набљудуваа по три гласачки места, од кои, на по едно присуствуваа на отворање и затворање. Од 68% на кои присуствувале набљудувачите со попреченост пред почетокот на гласањето, за 64% е одговорено дека биле отворени во 06:30 (во времето кога набљудувачите беа на отварање на избирачките места), а 4% не биле отворени навреме.

Графикон 6.33.

**Дали Избирачкото место е отворено на време?**




Графикон 6.34.

**Дали се присутни сите членови на ИО?**



Графикон 6.35.

**Дали имавте проблеми при легитимирање?**




Од 201 избирачко место, на 95% од нив биле присутни сите членови на ИО.

На прашање дали ИО правилно ги легитимираат набљудувачите со попреченост, за 9% од избирачките места набљудувачите одговорија дека имаат проблеми при легитимирање, од причини што членовите на ИО ги негираат нивните набљудувачки права.

*„При моето легитимирање на гласачкото место 2637, односот на членовите на избирачките одбори не беше коректен. Претседателеот на ИО инсистираше да го задржи моето овластување. Се обидов да му објаснам дека овластувањето ми е потребно и за набљудување и на други гласачки места, но не сакаше да разбере. Откако се јавив во ИНКЛУЗИВА, реагираа од ДИК па подоцна моето овластување ми беше вратено“.*[13]

За да можат набљудувачите и гласачите, да ги идентификуваат сите членови на ИО и да ги следат нивните активности тие треба да да бидат прописно означени. За овој изборен процес на 96% од набљудуваните избирачките места ИО носеа легитимација.

Тајноста на гласачкото право е законски загарантирана за секој избирач. Во однос на почитувањето на тајноста на гласачкото право, на 9% од вкупно набљудуваните гласачки места, при идентификација на гласачите, членовите на ИО гласно ги читале нивните имиња.

13 Набљудувач од Скопје (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

На 31% од избирачките места имало лица кои не се пронајдени на избирачкиот список, а на 17% од нив не им било објаснето каде да се обратат. Исто така, на 9% од набљудуваните избирачки места во избирачкиот список не се пронајдени гласачи со попреченост.

Графикон 6.36.

**Дали при идентификација на гласачите се почитува тајноста на гласачкото право?**




Графикон 6.37.

**Дали има гласачи кои не се пронајдени во Избирачки список?**




Графикон 6.38.

**Дали забележавте избирачи со попреченост кои не се пронајдени во избирачкиот список?**




За гласачите со попреченост ова претставува голем проблем затоа што голем дел од просториите на ОИК се недостапни, за да може гласачот да направи проверка и од тие причини овие гласачи најчесто се откажуваат од понатамошни постапки за гласање.

## Б.2. ДОСТАПНОСТ НА МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА ГЛАСАЊЕ ПОДДРШКА НА ГЛАСАЧИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Материјалите за поддршка на сите гласачи, вклучувајќи ги и гласачите со попреченост, беа подготвени и навремено испорачани до ОИК.

Графикон 6.39.

**Дали има граничник за потпис?**




Граничникот за потпишување е помошна алатка што им помага на гласачите да го стават својот потпис на избирачкиот список. Оваа алатка им е од помош на гласачите кои се слепи или со слаб вид, гласачите со телесна попреченост на горните екстремитети и гласачи кои имаат треперење на рацете.

Со помош на оваа алатка гласачите можат да се потпишат на точното место во избирачкиот список и со тоа се намалува можноста за неправилности на гласачките ливчиња. Инклузива за предходните изборни процеси препорача членовите на избирачкиот одбор да ја користат и нудат оваа алатка не само на лицата со попреченост, туку и на сите други гласачи.

На 70% од опфатените избирачки места граничник за потпис имало, но само на 52% од нив не се користел за сите гласачи. Граничникот за поддршка при потпишување во избирачки список, повторно беше изработен од безбоен материјал и при поставање на избирачкиот список, отворот за потпис не можеше да се идентификува.

*„На гласачкото место 2148 граничникот и шаблонот беа во кутија со материјали во еден ќош. По мое барање, еден член од ИО ги стави до списокот, но и понатаму не се користеа.“* [14]



Пристапниот параван за гласање е затворен простор во избирачкото место обележан со универзален знак за попреченост, каде гласачите со попреченост самостојно можат да го дадат својот глас и да ја заштитат тајноста на гласањето. Параваните за гласање за лица со попреченост треба да бидат стабилни и не треба да се вртат или да се движат, со цел да се спречат несреќи или инциденти како паѓање. Распоредот на овие паравани не треба да се разликува од другите. Параваните за гласање треба да се со помала висина за да можат да бидат поставени на цврста основа (на пример, клупа). Со ваков дизајн, параваните за гласање би биле погодни за гласачите кои користат инвалидски колички, гласачите

14 Набљудувач од Велес (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

што треба да седат, оние кои се слепи, постарите гласачи и гласачите кои користат штаки, патерици и други помагала.

Графикон 6.40.

**Дали има параван во висина на лице во количка?**




Графикон 6.41.

**Дали помеѓу параваните има растојание за да се сочува тајноста на гласање?**




Графикон 6.42.

**Дали гласачките кутии се во висина на гласач во количка?**




Од 201 избирачко место, на 79% од нив имало параван во висина на гласач во количка, но 28% од овие паравани не биле отпакувани (се наоѓале во зафрлен простор). На 34% од гласачките места параваните не биле поставени правилно, односно, не можело да се пристапи до местото каде што бил поставен параванот. Во однос на стабилноста на параваните, констатирано е дека не се стабилни, при пристапување на гласачите се нишаат и поместуваат.

*„На гласачкото место 1069, параванот за лица со попреченост беше потпрен до ѕид, ИО на мое прашање зошто е тоа така ми одговори дека нема место да гласаат други гласачи, а не инвалиди.“* [15]

Понатаму, откако ќе гласа гласачот кој користи инвалидска количка, за да може гласачкото ливче самостојно да го пушти во гласачка кутија, истата треба да биде поставена на соодветна висина. На 29% од набљудуваните избирачки места немаше поставено гласачка кутија во висина на лице кое е во количка.

Во овој поглед не се забележува подобрување од предходните избори, бидејќи за претседателски избори во 2019 година, процентот беше идентичен како и сегашниот.

Сликовните прикази за процесот на гласање се дополнителена метода за комуникација со гласачите при гласањето и ја намалуваат потребата за дополнителни објаснувања за сите гласачи, вклучувајќи ги и гласачите со интелектуална попреченост, гласачите кои се глуви, како и гласачите кои имаат ниска или никаква писменост. Овие материјали го олеснуваат и забрзуваат процесот на гласање и помагаат во спречувањето на долги редици на избирачките места. Сликовните прикази за процесот на гласање за овие избори беа изработени на седум јазици. Нивната изработка беше организирана од страна на Инклузива, додека ДИК ги дистрибуираше до сите избирачки места. Од 201 избирачко место, на 66% од нив сликовните прикази за се поставени на видно место, а на 34% од нив ги нема, со образложение дека не ги добиле од ОИК.

15 Набљудувач од Куманово (цитат од извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

Графикон 6.43.

**Дали има сликовити прикази за процесот на гласање?**




Графикон 6.44.

**Дали има Шаблон на Брајово писмо?**




Графикон 6.45.

**Дали Шаблонот е поставен на маса?**




Шаблонот за гласање е хартија или пластична папка со тактилни симболи во Браево писмо во кој се поставуваат гласачките ливчиња. Користејќи го шаблонот, гласачот кој е слеп или со слаб вид може самостојно да го обележи гласачкото ливче. Откако гласачот го обележал гласачкото ливче со помош на шаблонот за гласање, истиот се отстранува што резултира гласачкото ливче да изгледа исто како гласачките ливчиња за кои не е употребен шаблонот за гласање.

На овие избори, на 71% од 201 набљудувано гласачко место имало шаблон, но на 47% од овие избирачки места, шаблоните не биле извадени од кутиите со доставени материјали, а членовите на избирачките одбори не биле запознаени со нивната намена. Шаблонот за гласање

на лица кои се слепи или со слаб вид, за овие избори беше изработен од многу тенок материјал и при користење од страна на овие гласачи можеше лесно да се оштети. На две избирачки места, гласачите кои го користеле шаблонот реагираа дека Брајовото писмо не е читливо.

## Б.3. ПОМОШ И ПОДДРШКА ПРИ ГЛАСАЊЕ

Многу е важно членовите на избирачкиот одбор да бидат обучени правилно да управуваат со упатството за гласање на гласачите со визуелна попреченост, затоа што имаат обврска да им дадат поддршка на гласачите со попреченост за начинот на примена и правилно користење на материјалите за поддршка при остварување на гласачкото право.

**Од 201 набљудувано избрачко место, на 55% (111 избирачки места) е забележано дека член на избирачки одбор поставува гласачко ливче во шаблонот за гласање, но само на 45 (22%) од 111 избирачки места, ИО правилно го поставува гласачкото ливче во шаблонот. Понатаму, од вкупниот број набљудувани избирачки места на 102 (49%), е забележан гласач на кој гласал со шаблонот, на 37 избирачки места (18%) на гласачите им било објаснето како да го користат шаблонот, а на 65 (32%) избирачки места не.**

Графикон 6.46.

**Дали членот на ИО правилно го поставува гласачкото ливче во Шаблонот за гласање?**



Графикон 6.47.

**Дали членот на ИО, им објаснува на гласачите кои гласаат со Шаблонот, како правилно да го користат?**




Графикон 6.48.

**Дали на гласачите кои имаат потреба им се дозволува да гласаат со помош од свој придружник?**




Гласачите со попреченост и гласачите кои имаат пониско ниво на писменост, имаат право да гласаат со помош од свој придружник. Во случај кога со себе не довеле лице кое ќе им помогне, избирачкиот одбор е должен да определи лице од редот на избирачите да им помогне. На 111 (55%) од 201 набљудувано избирачко место се забележани гласачи кои сакале да гласаат со свој придружник, но на 44 избирачки места (22%) не им било дозволено.

*„На избирачкото место 405, лице со оштетен вид кое имаше свој придружник не му беше дозволено да гласа со него, член од ИО влезе зад паравантот и му помогна наместо придружникот.“* [16]

16 Набљудувач од Гостивар (цитат извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

Резултатите од анализата на одговорите од набљудувањето на предвремените парламентарни избори во 2020 година посочуваат дека во повеќе сегменти на изборниот процес, потребната поддршка на гласачите со попреченост не им се обезбедува и не се во можност непречено и самостојно да го остварат своето загарантирано право на глас на избирачките места.

## В. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ШИРЕЊЕ КОВИД-19 ПРИ ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

За изборите беа донесени Задолжителни препораки за здравствена заштита од КОВИД-19 во текот на изборниот процес. Во согласност со овие препораки, препорачано е да бидат поставени ознаки со кои се обележува правецот на движење на гласачите за запазување на минимум потребното растојание (1,5 до 2 метра) при чекање во ред пред влезот до избирачкото место. Од 201 гласачко место, пред влезот во објектот на 84% има обележан правец со минимум потребно растојание, а на 16% нема.

Во 42% од набљудуваните избирачки места, во тоалетите не се вршеше редовна дезинфекција, а во 40% од нив немаше доволно заштитни средства кои беа задолжителни според здравствениот протокол (хартиени бришачи за раце, течен сапун или средство за дезинфекција).

Графикон 6.49.

**Дали на влезот во ГМ има средство за дезинфекција и корпа за отпадоци?**




Графикон 6.50.

**Дали средството за дезинфекција, се надополнува и менува?**




Графикон 6.51.

**Дали во просторијата има ознаки за пропишана дистанца за гласачи?**




Од 201 набљудувано избирачко место, на 92% од нив до влезот во просторијата за гласање има средство за дезинфекција. Понатаму, на 87% од нив е забележано дека средството за дезинфекција навремено се менува или дополнува, а на 80% од нив постојат ознаки за пропишанато растојание.

Во 88% од просториите за гласање, прозорците се отворени, или се проветрува во одредено време, а на 84 % од нив има пропишано растојание помеѓу членовите на ИО.

Од 201 гласачко место, во 80% има ознаки за пропишано растојание помеѓу гласачите, а на 88% од нив се пуштаат само по 2-3 гласачи, зависно од бројот на параваните, но има и прекршување на правилата.

*„На избирачкото место 1085 се пуштаа да влезат повеќе лица од дозволеното и не се одржуваше физичка дистанца помеѓу нив.“* [17]

За разлика од предходните изборни процеси, на овие избори сите гласачи задолжително мораа да носат маски преку носот, устата и брадата. Откако гласачите беа пронајдени во избирачкиот список, за идентификација доставуваа лична карта или пасош, но имаа обврска и накратко да ја симнат маската и пак да ја вратат на истиот начин.

На 82% од набљудуваните избирачки места, гласачите накратко ја симнувале маската, но на 16% од овие избиачки места, утврдувањето на идентитетот на гласачите се вршело и без да ја спуштат маската.

Графикон 6.52.

**Дали има пропишана дистанца помеѓу ИО (1,5-2 м)?**




Графикон 6.53.

**Дали ИО носи заштитна опрема?**




17 Набљудувач од Куманово (цитат извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

Во однос на применување на заштитните мерки помеѓу членовите на ИО, на 15% од избирачките места, идентификувано е дека не било возможно да се применува пропишаното растојание помеѓу нив, затоа што просторот бил многу мал.

На 47% од 201 избирачко место, ИО не носеле ракавици, со образложение дека ја немат добиено потребната количина, но на десетина избирачки места ниту маските не биле носени правилно.

## Г. ДРУГИ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

Набљудувачите на Инклузива, покрај обврската за набљудување и идентификување на проблемите и недостатоците при остварувањето на гласачкото право на лица со попреченост и примената на заштитни мерки од корона вирусот, имаа и прашања преку кои се добиени податоци и за неправилности кои се однесуваат во друга област. Подолу се прикажани некои од нив кои можат да имаат влијание и врз гласачите и набљудувачите со попреченост. Најголеми проблеми се регистрирани во Избирачкиот список, голем број на граѓани не се пронајдени во него, на избирачко место 1791 во избирачкиот список не се пронајдени повеќе од 40 гласачи.

*„На гласачкото место 1791, во избирачкиот список голем дел од гласачите се повторуваа, а преку 40 ги немаше запишано и затоа, гласањето е прекнато во 08:00h наутро, а продолжено во 09:00ч. по одобрение од ОИК.“* [18]

18 Набљудувач од Ново Село Струмица (цитат извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

На неколку гласачки места е идентификувано дека во иста просторија се поставени по две гласачки места и од тие причини имало поголем број на луѓе од пропишаните во мерките за заштита. Но, на неколку гласачки места имаше и случаи каде не се почитуваа повеќе пропишани мерки.

*„На гласачкото место 1085, членови на ИО не држат соодветна дистанца и не се врши дезинфекција, пред објектот се групираат граѓани кои што не носат заштитна опрема и не одржуваат физичка дистанца, но никој не реагира.“* [19]

На гласачкото место 1320 имало поставено слики на кандидат за пратеник, но пред да се почне со гласање се отстранети од полициски службеник. На две гласачки места набљудувачите пријавија дека при крај на гласањето влегуваат гласачи без маски и со спуштени маски и заради нивната безбедност ги сменија гласачките места, но имаше и случаи кога на броењето на гласови ИО не носеа заштитна опрема, како и други неправилности.

*„На избирачко место 0384, при броење на некои од гласачките ливчиња што беа спорни, претседателот на ИО самоиницијативно ги сметаше за неважечки без да предложи гласање на сите членови што предизвика вербално напаѓање помеѓу членовите од ИО. Член на ИО не го потпиша записникот за сумирање и утврдување на резултатите. Имаше гласачки ливчиња со по 2 или 3 печати на нив. ОИК реагирала до ДИК во врска со постапката за гласање во ова место, а направена е и изјава за дополнување на записникот бр. 16.“* [20]

19 Набљудувач од Куманово (цитат извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

20 Набљудувач од Дојран (цитат извештај од мониторинг на парламентарни избори 2020 година)

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

Изборното учество е процес што им овозможува на граѓаните со попреченост да имаат можност за поголемо учество во процесите на донесување одлуки кои влијаат врз нивните животи и остварувањето на основните права и слободи, вклучувајќи ги и нивната благосостојба и заштита. Податоците добиени од наблудувањето на предвремените парламентарни избори во 2020 година идентификуваа многу проблеми, тешкотии и ограничувања што ги спречуваат лицата со попреченост да учествуваат во изборните процеси на еднаква основа со останатите.

- Изборното законодавство не е усогласено со одредбите на Конвенцијата на ОН за правата за лицата со попреченост во однос на остварување на право на учество на лицата со попреченост во изборен процес, на еднаква основа со другите.
- Националното законодавство е рестриктивно во остварувањето на избирачкото право за лицата со попреченост, особено во остварувањето на ова право од страна на лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост.
- Граѓаните со попреченост, кои престојуваат во институции, домови за згрижување, згрижувачки семејства или центри за рехабилитација не можеа да го остварат своето право на глас.
- Голем дел од лицата со попреченост не се во можност да го остварат своето избирачко право поради непристапноста на избирачките места.

- Алатките за подобрување на пристапноста на гласањето не се користат во целост или соодветно од страна на избирачките одбори. Избирачките одбори немаат доволно вештини за поддршка на лицата со попреченост на избирачките места и знаење за тоа како да се користат новосоздадените ресурси за поддршка на лицата со попреченост.
- Лицата со попреченост не се застапени на кандидатските листи на политичките партии (на изборите беше идентификуван само еден кандидат со попреченост). Ниту едно лице со попреченост не беше избрано за пратеник во Собранието на РСМ, со што оваа група е исклучена од директно учество во законодавниот дом.
- Јавната свест за загарантираните права на лицата со попреченост е на ниско ниво, па поради тоа овие граѓани се соочуваат со дискриминација и од системот за поддршка при остварување на своето право на глас.

# 8. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИЗБОРИТЕ И ПРЕДИЗБОРНИ КАМПАЊИ

## 8.1. ЕДУКАЦИЈА НА ИЗБОРНИ ОРГАНИ

Државната изборна комисија, како највисок орган за организирање и спроведување на инклузивна изборна средина и заштита за сите гласачи, вклучувајќи ги и гласачите со попреченост, пред изборите организираше обуки за изборните ограни. Во тимот на обучувачи за едукација на изборните органи, на овие избори беа вклучени пет лица со попреченост и пет претставници на граѓански организации кои работат во полето на попреченоста.

Од набљудувањето на обуките за изборни органи, утврдено е дека во постоечките 38 тима обучувачи нема вклучено обучувач со попреченост, а овие лица беа во специјален 39-ти тим. Со ова е направено сегрегирање на оваа група на обучувачи, иако дел од нив за предходните избори работеа заедно со останатите. На обуките, во поглед на темата попреченост се посветуваше многу кратко време од само 5-7 минути.

## 8.2. КАМПАЊА И ИНФОРМИРАЊЕ

Кампањата која ја спроведуваше ДИК беше пристапна пред изборните денови, но истовремено и едукативна и информативна за сите граѓани. За кампањата беа изработени пристапни, печатени и видео материјали,

а во нивната содржина беа застапени гласачките права на лицата со различен вид на попреченост. Кампањата во најголем дел беше спроведена на социјалните мрежи и преку радиодифузните медиуми, а акцент беше ставен на заштитните мерки за спроведување на избори во услови на криза со КОВИД-19.

Дополнително, здружението Инклузива подготви, Аудио прирачник за гласање на слепи лица и лица со оштетен вид[21] и видео прирачник за гласачките права на лицата со попреченост во услови на КОВИД-19[22] кои ДИК ги прикачи на својата веб-страница и ги сподели на социјалните мрежи. Преку оваа соработка, гласачите со попреченост навремено беа информирани како безбедно да го остваруваат своето гласачко право.

Права на лица со попреченост

Видео на ДИК за права на лица со попреченост




21 Аудио прирачник за гласање на слепи лица и лица со оштетен вид: https://www.sec.mk/edukacija/

22 Видео прирачник за гласачките права на лицата со попреченост во услови на КОВИД-19: https://bit.ly/2L6FrUi




Аудио прирачник за гласање на слепи лица и лица со оштетен вид, со заштитни мерки од Ковид-19

## 8.3. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА, КОМУНИКАЦИЈА СО ГЛАСАЧИТЕ И АДАПТАЦИЈА НА ИЗБИРАЧКИТЕ МЕСТА

Сите јавни состаноци и прес-конференции на ДИК беа толкувани на знаковен јазик. На изборниот ден, ДИК воспостави бесплатна телефонска линија на која сите граѓани можеа да поставуваат прашања и да оставаат коментари за изборните нерегуларности и проблеми, а граѓаните кои се глуви или имаат слаб слух можеа да поставуваат прашања преку видео повик и да добијат одговор на македонски знаковен јазик.

Во однос на препораката за неопходната адаптација на веб-страницата на ДИК да биде достапна за лица со попреченост, сè уште не се направени промени.

За да можат гласачите да го идентификуваат гласачото место во кое гласаат, ДИК пред изборите објави документ со описи на гласачките места. При анализа на овој документ, утврдено е дека за преименуваните објекти не е направена корекција во описот на избирачки места.

Апликациите за акредитираните набљудувачи кои ќе го следат изборниот процес можеа да се поднесат електронски, а стручната служба на ДИК навремено издаде овластувања за набљудување и беџови за идентификација.

За да може да се овозможи соодветно физичко растојание, согласно здравствените протоколи, ДИК направи приспособување на повеќе објекти во кои се спроведуваше гласањето, но ова не беше возможно да се спроведе во целост заради недостиг на соодветни достапни локации. Сепак, со овие промени на локации во кои се гласа, се зголеми и можноста за поголема пристапност на избирачките места.

## 8.4. МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОДДРШКА

За изборниот процес, материјалите за поддршка на сите гласачи, вклучувајќи ги и гласачите со попреченост, беа подготвени и навремено испорачани до ОИК, но квалитетот на овие материјали не беше подобрен, иако повеќе пати од Инклузива до ДИК беа дадени препораки и предлози на кој начин да се реши овој проблем.

Шаблонот за гласање на лица кои се слепи или со слаб вид, беше изработен од многу тенок материјал и при користење од страна на овие гласачи, можеше лесно да се оштети. На две избирачки места, гласачите кои го користеле шаблонот, реагираа дека Брајовото писмо не е читливо.

Граничникот за поддршка при потпишување во избирачки список, повторно беше изработен од безбоен материјал и при поставување на избирачкиот список, отворот за потпис не можеше да се идетификува. Параваните во висина на гласачите кои користат инвалидска количка беа нестабилни. Сликовните прикази за процесот на гласање за овие избори беа изработени на седум јазици, нивната изработка беше организирана од страна на Инклузива, додека ДИК ги дистрибуираше до сите избирачки места.

# 8.5. КАМПАЊИ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Регистрацијата на кандидатите се одржа од 12 до 20 март 2020 година, во овој законски пропишан рок, се регистрираа 12 политички партии и 3 коалиции, со вкупно 1.598 кандидати на 78 листи. На овие избори, лицата со попреченост главно не беа застапени на кандидатските листи. Исклучок имаше во листите на коалицијата „Можеме“, предводена од СДСМ и БЕСА, каде имаше еден кандидат со попреченост, но не влезе во новиот собраниски состав.

Официјалниот период за предизборната кампања започна на 24. јуни и заврши на 12 јули 2020 година. Пандемијата со КОВИД-19 го измени начинот на спроведување политички кампањи. Партиите ги реализираа активностите за кампањите, во најголема мера, преку социјалните медиуми, со објавување видеа на кои говореа кандидатите и лидерите на партиите. Рекламите беа емитувани преку радиодифузните и социјалните медиуми, како и на билбордите.

Објава за програма на знаковен јазик на Коалиција „Можеме“


Програмата на СДСМ и Коалицијата Можеме објавена на знаковен јазик

07/07/2020 | 10:06 | Категорија: Можеме, Соопштенија

Водејќи се од принципите на инклузивност и еднаквост, СДСМ и Коалицијата „Можеме“ шесте клучни столба од Програмата ги објавија на знаковен јазик.

На овој начин, најважните, клучните ветувања и заложби на СДСМ и коалицијата „Можеме“ сега се достапни и за лицата со оштетен слух и за лицата со оштетен вид.

СДСМ како и досега останува посветена на градење систем кој пружа и нуди еднакви можности за сите.

Во прилог ви испраќаме видео линк од Програмата на знаковен јазик.




Едно од прашањата кои беа потенцирани на конгресот на СДСМ беа ветувањата за подобра грижа за најранливите категории: за лицата со разни видови попреченост беа ветени повисоки надоместоци како и задолжителни пристапни рампи за сите јавни објекти до 2024 година. Програмата на коалицијата „МОЖЕМЕ“, освен во печатена форма, беше изработена и со толкување на знаковен јазик.

На Конвенцијата на коалицијата „Обнова за Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, на која беа претставени кандидатите, имаше толкувач на

знаковен јазик. Ветувањата од оваа коалиција во однос на правата за лицата со попреченост се однесуваа на поголеми можности за вработување. Видеата за кампањите на овие две политички партии во најголем дел беа титлувани.

Толкување на знаковен јазик на конвенција на ВМРО-ДПМНЕ



# 9. АНАЛИЗА ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕДИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ ВО 2020

Во денешно време, медиумите во голема мера ја обликуваат јавната свест, што влијае на начинот на гледање на одредена социјална група, што е особено важно кога станува збор за попреченоста. Основното прашање што се поставува кога се зборува за начинот на известување на медиумите е каква порака испраќаат медиумите за предизвиците со кои се соочуваат граѓаните со попреченост при обидот за учество во политичкиот живот.

Со цел да се утврди начинот на известување на медиумите за лицата со попреченост во изборниот процес за Парламентарните избори 2020 г. во РСМ, здружението Инклузива ги набљудуваше известувањата на медиумите во поглед на попреченоста.

# 9.1. РЕЗИМЕ ОД НАБЉУДУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ

За време на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2020 г., на многу мал број телевизии беше застапена темата попреченост, што придонесува овие граѓани да не се информирани за нивните политички и изборни права.

Изборниот законик предвидува детална регулација на однесувањето на медиумите, од распишувањето на изборите до периодот на изборната кампања. Националните телевизии кои го покриваа изборниот процес, законски се обврзани своите програми да ги емитуваат на пристапен и достапен начин за лицата со попреченост, но оваа обврска не беше почитувана во голема мера.

Во медиумите и на македонски и на албански јазик, бројот на прилози што се однесуваат на лицата со попреченост е недоволен и треба да се зголемува. Покривањето на темите поврзани со лицата со попреченост треба значително да се подобри во однос на квантитетот и квалитетот.

Темите што ги засегаат лицата со попреченост најчесто се покриени преку вестите, извештаите и социјалните стории. Потребен е поголем медиумски ангажман и поголема иницијатива на новинарите од идентификувањето на теми поврзани со попреченоста и нивно покривање, сè до иницирањето реакции од институциите и разрешување на проблемите.

Медиумите сè уште употребуваат застарена терминологија, како лица со посебни потреби, лица со инвалидитет, инвалиди, лица со хендикеп, наместо лица со попреченост или посоодветни термини. Ова делумно се должи на отсуството на национално утврден термин кој ќе се користи во земјата, но употребата на застарените термини треба да биде прекината.

Ова може да се должи различни причини, за кои во моментов може да препоставуваме: отсуство на знаење за комуникација со лица со попре-

ченост, предрасуди и стигматизација, отсуство на интерес во јавноста за оваа тема, помала видливост и комуникација кон медиумите од лица со попреченост и организации како и други појави. Отуството на лицата со попреченост од медиумското известување треба да биде предмет на дополнителни стручни анализи и да се утврдат начини на кои може да биде подобрено.

## 9.2. МЕТОДОЛОГИЈА

Набљудувањето на медиумите се реализираше од 24 јуни 2020 г., односно од почетокот на изборната кампања, до 12 јули 2020 г., до последниот ден од изборната кампања и изборниот ден на 15 јули 2020 година.

Медиумите кои беа набљудувани се:

- МРТ 1 и МРТ 2 – како јавни радиодифузни сервиси,
- ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа и ТВ Канал 5 – како телевизии на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, и
- ТВ 24 и ТВ21 како телевизии кои емитуваат програма на национално ниво на македонски и албански јазик.

Согласно дефинираните цели за мониторинг, фокусот беше само на оние содржини што се однесуваат на попреченоста, од неколку аспекти:

- Пристапност на содржината;
- Начин на дефинирање на попреченоста од страна на новинарот и учесниците;
- Време посветено на положбата на лицата со попреченост во изборниот и политичкиот процес;

➔ Контекст во кој се зборува за лицата со попреченот и застапеноста на лицата со попреченост.

Во текот на целиот период на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2020 г. (14 јуни – 12 јули), беа следени централните вести на медиумите со национално покривање: МРТ 1 (19:30 часот) и МРТ 2 (18:30 часот), ТВ Сител (19:00 часот), ТВ Телма (18:30 часот), ТВ Алсат-М (19:00 часот), ТВ Алфа (19:30 часот), ТВ Канал 5 (18:00 часот), ТВ 24 (20:00 часот) и ТВ21 (18:30 часот).

Беа следени и дебатните изборни емисии: МРТ 1 - Парламентарни избори 2020 дебата; МРТ 2 - Дебатна емисија; ТВ Телма - Топ Тема; ТВ Алсат - М-360 степени; ТВ Алфа - Дебатна емисија ШТО НЕ Е ЈАСНО?; ТВ Канал 5 - Само интервју; ТВ 24 - 24 анализа Отворено студио и ТВ 21 - Клик плус, додека на ТВ Сител не беше емитувана дебатната емисија „Детектор“ во овој период.

| Реден број | Медиум | Вести | Дебатна емисија |
|---|---|---|---|
| 1 | МРТ 1 | 19:30 часот | Парламентарни избори 2020 дебата |
| 2 | МРТ 2 | 18:30 часот | Дебатна емисија |
| 3 | ТВ Сител | 19:00 часот | / |
| 4 | ТВ Телма | 18:30 часот | Топ тема |
| 5 | ТВ Алсат-М | 19:00 часот | 360 степени |
| 6 | ТВ Алфа | 19:30 часот | Што не е јасно? |
| 7 | ТВ Канал 5 | 18:00 часот | Само интервју |
| 8 | ТВ 24 | 20:00 часот | 24 Анализа – Отворено студио |
| 9 | ТВ 21 | 18:30 часот | Клик плус |

Табела – набљудувани медиуми и програми

Набљудувањето на пристапноста на централните вести и дебатните емисии вклучуваше достапност на програмата за лицата со попреченост, пред сè, постоењето на толкување на знаковен јазик и титлување на содржината. Исто така, беше мерено времето посветено на лицата со попреченост, контекстот во кој се зборува за нив, разбирливоста на говорот (едноставен и јасен говор, кој не е оптоварен со многу странски зборови, стручни жаргони и фрази), кој зборува за лицата со попреченост (самите лица со попреченост или некој друг) и начинот на дефинирање на попреченоста (дефиниција, терминологија).

Добиените податоци се анализираа со употреба на квантитативни методи за анализа на податоци. Резултатите од анализата служат за обезбедување информации што може да послужат за заголемување на видливоста на лицата со попреченост во медиумите, со што ќе се придонесе кон подобро разбирање на оваа група од страна на пошироката јавност за еднакво учество во политичките и изборните процеси.

Ограничување на истражувањето е што го обработува покривањето на темите за лицата со попреченост во предизборните кампањи само преку следење на телевизии, а не опфаќа други медиуми, како што се интернет медиумите и поралите. Дополнително, не е следена целосната програма на телевизиите, туку единствено дневниците и дебатните емисии. За време на кампањите на парламентарните избори 2020 г., поради пандемијата на КОВИД-19, значајни сегменти од кампањите на политичките партии течеа на интернет и особено на социјалните мрежи, а кои не се предмет на оваа анализа. Така, истражувањето не ги обработува прилозите, соопштенијата или мултимедијалните содржини објавувани на интернет медиумите како и на социјалните мрежи од страна на самите политички партии. Сепак, препоставувајќи дека клучните содржини се оние кои се застапени во известувањето на телевизиите и нивната улога

во креирањето на јавното мислење, сметавме дека овие содржини се појдовна точка за ваков тип анализа. Воедно, ова е првото истражување за следење на известувањето на медиумите кое го спроведува организацијата „Инклузива“ и обид за придонес со информации за застапеноста на прашањата за лицата со попреченост во медиумскиот простор.

## 9.3. ПРИСТАПНОСТ НА СОДРЖИНАТА

### А. ЦЕНТРАЛНИ ВЕСТИ

Централните вести и дебатните емисии на националните телевизии во голема мера се недостапни за лицата со попреченост - не се толкувани на знаковен јазик и немаат титл.

Односно, централните вести на Македонската радиотелевизија МРТ 1 и МРТ 2, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 се недостапни.




Прилог од вести на Канал 5




Прилог на
ТВ Сител

ТВ Алсат-М и ТВ21 во централните вести имаа титл на содржината. Иако ова се прави поради превод на македонски и албански јазик, сепак на овој начин пристапноста е делумно овозможена.

Телевизија 24 беше единствената телевизија која овозможи целосно толкување на централни вести на знаковен јазик во рамките на својата редовна програма.

Ваквата состојба со пристапноста на програмите на националните телевизии е крајно неповолна за лицата со попреченост, особено за лицата кои се глуви или имаат слаб слух. Тие се спречени да бидат информирани за теми од јавен интерес, вклучувајќи ги и темите и информациите врз основа на кои тие го формираат своето мислење за тоа дали и како ќе го искористат своето право на глас. Особено е загрижувачки што централните информативни програми - вести се недостапни на јавниот сервис. Добро е што во некои емисии е можно да се читаат барем кратки вести, но сепак постои значителна разлика во третманот на одредени теми низ целата програма за вести и ограничената количина на информации што се наоѓаат на дното на екранот.

Оваа состојба е особено несфатлива затоа што повеќето телевизии имаат напишан текст што се користи за презентирање вести, но истиот не е достапен за гледачите.

> Централните вести на Македонската радиотелевизија се недостапни - тие не се толкувани на знаковен јазик и немаат титл. Сепак, МРТ 1 емитува вести на знаковен јазик во 17:00 часот.
> Овој концепт е погрешен - Вестите со знаковниот јазик се емитуваат во време кое не е доволно достапно за граѓаните. Односно, лицата со попреченост кои се вработени не можат да ги следат овие вести пред или по нивните деловни обврски, исто како што тоа можат да го направат граѓаните што ги следат вестите без превод на знаковен јазик.
> Постоечкиот пристап покажува дека македонскиот јавен сервис посветува минимално телевизиско време на достапна програма за вести, која не е доволно гледана, а со тоа и недостапна за населението за кое е наменето. За многу подобри резултати, би било пожелно сите вести да бидат достапни за граѓаните со попреченост, како за сите останати.

За време на мониторингот од осумнаесет дена од изборната кампања, четири од девет телевизии одвоија време за лицата со попреченост во централните информативни програми (вести) и тоа:

На МРТ 1 на 3 јули 2020 г. во централните вести во 19:30 часот, политичарот Петар Колев, соопшти изборна порака дека за лицата со посебни потреби се потребни системски решенија.

На ТВ 21, на 25 јуни 2020 г. во ценралните вести во 18:30 часот, новинарката Флора Шабани ја цитираше забелешката од здружението Хендикеп

плус дека содржината на видео-клипот „Македонијо, исправи се“, на политичката партија ВМРО ДПМНЕ е навредлива за лицата со хендикеп.

Во централните вести во 19:30 часот на МРТ 2, на 8 јули 2020 г., водителот Газменд Куритиши спомена дека родителите на децата со посебни потреби ги повикуваат партиите да ги потпишат нивните барања за системски решенија, како обврска за исполнување по избор на новата Влада.

На ТВ АЛФА, на 1 јули 2020 г., во централни вести во 19:30 часот зборуваше политичарката Дафина Стојановска (ВМРО-ДПМНЕ) за политиките за системски решенија за лица со инвалидност во нивната политичка програма.

Прилог на ТВ АЛФА



Тања Попова



Адријана Алексиеска

На ТВ АЛФА ТВ, во централните вести во 19:30 часот на 14 јули беа прикажани два прилога посветени на предизвиците на лицата со попреченост. Во првиот прилог[23] со новинарката Адријана Алексиеска, говорник беше лице кое е глуво и го пренесуваше своето согледување и искуството при отворање сопствен бизнис.

23 Прв прилог во централните вести на АЛФА ТВ: http://bit.ly/3jcDMcx

Во вториот прилог[24] во центарлните вести на Алфа ТВ на 14 јули во 19:30 часот, беа застапени мајка и малолетно дете со попреченост, каде потенцирани проблемите со кои се соочуваат родителите на децата со попреченост и потребите за системски решенија за подобрување на состојбата.

Она што е забележано од малиот број прилози е дека за попреченоста се користи различна и несоодветна терминологија.

Времето кое е посветено на темата лица со попреченост е незначително во споредба со вкупното времетраење на информативните програми, а покривањето на овие теми е ретко. Сепак, веруваме дека за соодветноста на користеното време може да се дискутира само по анализа на содржината што им беше посветена на лицата со попреченост.

## Б. ДЕБАТНИ ПОЛИТИЧКИ ЕМИСИИ

За време на мониторингот од осумнаесет дена од изборната кампања, само на две од девет набљудувани телевизии во дебатните политички емисии беше застапена темата попреченост: на ТВ 21 во емисијата Изборни дебати на 3 јули 2020 г. и на Алсат М во емисијата 360 степени на 10 јули 2020 година. Вкупното време посветено на темата лица со попреченост во набудуваниот период е 8 минути и 53 секунди.

Во дебатните политички емисии на Македонската радиотелевизија МРТ 1 и МРТ 2, ТВ Телма, ТВ Алфа, ТВ Канал 5 и Телевизија 24 немаше толкување на знаковен јазик ниту титл. ТВ Алсат-М и ТВ 21 во дебатните

24 Втор прилог во централните вести на АЛФА ТВ **http://bit.ly/3r3zTsN**

емисии имаа титл на содржината, но само поради превод на содржината на македонски или албански јазик, со што и на овој начин пристапноста беше делумно овозможена.

Само во две дебатни политички емисии се зборуваше на темата попреченост. Во Изборни дебати[25] на ТВ 21 на 3 јули 2020 г., политичарите зборуваа за социјалните права на лицата со попреченост и нивните родители. На оваа тема дискутираа претставници од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во поглед на политиките од доменот на социјалните права во програмата, посточките политики и нивното спроведување.

Сторија на 360 Степени



Дебатна емисија на ТВ21




Во емисијата 360 степени на Алсат М од 10 јули 2020 г. во 22:00 часот, претседателот на ДИК и од здружението Инклузива дадоа изјави за претстојните избори во државата и нивното организирање во услови на корона-кризата.

Во овој прилог, како говорници беа застапени поголем број лица со попреченост, со што добија можност јавно да ги презентираат проблемите со кои се соочуваат и дадат предлози за нивно решавање. Со овој прилог се дава пример на кој начин треба да се известува во однос на правата, проблемите и предизвиците на лицата со попреченост, како и начините за нивно решавање со вклучување на сите засегнати страни.

Од набљудуваните политички емисии на деветте телевизии, се користеше говор неразбирлив за граѓаните. На ТВ Телма во „Топ тема“, од вкупно 13 следени емисии во 4 се користеше говор со многу странски зборови, стручни жаргони и фрази. Во „ШТО НЕ Е ЈАСНО?“ на Алфа ТВ,

од 15 емисии 8 беа со неразбирлив говор, додека во „24 Анализа - Отворено студио“ на ТВ24, од 18 следени емисии во 11 се користеше говор со многу странски зборови, стручни жаргони и фрази.

# В. ИЗБОРЕН ДЕН

На изборниот ден на 15 јули 2020 година, од 06:00-21:00 часот, здружението Инклузива имаше распоредено 67 набљудувачи со попреченост на 210 избирачки места во сите изборни единици.

Прес конференција на изборниот ден на „Инклузива“




Од следењето на објавите на медиумите забележани се 45 известувања од прес-конференции, а на повеќе од нив во содржината имаше вметнато и видео прилог. Известувања со прилози од прес-конференциите се забележани и на националните телевизии: ТВ 24, ТВ 21, ТВ Сител, МРТ 1, ТВ Телма и Канал 5. За набљудувањето на избрите од страна на лицата

со попреченост беше изготвен и посебен прилог од ТВ Телма[26] со изјави од набљудувачи од Скопје кој беше емитуван во редовната информативна емисија на телевизијата.

Прилог за мониторингот на изборите од лицата со попреченост на ТВ Телма




26 https://bit.ly/3rRGM0Z

# 10. ПРЕПОРАКИ
## ПРИОРИТЕТИ ЗА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА

- Владата треба да преземе мерки и активности во насока кон усогласување на правната рамка во земјата со одредбите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, особено измените на Уставот и другите закони што ќе ги отстранат основите за дискриминација во смисла на изборно право на лица на кои им е одземена деловна способност.
- Владата, во најкус можен рок, треба да спроведе попис на населението, а на листите за следниот попис треба да има колона во која ќе бидат вклучени граѓаните со попреченост, вклучувајќи ги и нивните податоци (пол, род, националност, вид на попреченост и возраст).
- Релевантните министерства треба да подготват регистар на лица со телесни, визуелни, аудитивни, интелектуални и психо-социјални пречки, а во следниот попис да бидат евидентирани.
- ДИК на следните избори треба да обезбеди остварување на правото на глас за лицата со попреченост кои престојуваат во установи, центри за рехабилитација, згрижувачки семејства, домови за нега и слично.
- Потребно е да се воведе критериум за пристапност до избирачкото место во рамките на Изборниот законик, односно, секој објект каде што се организира гласањето мора да подлежи на проценка за пристапност.

# ЗА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

- При изборот и едукацијата на избирачките одбори, да се обрне внимание во нив да учествуваат и лица со попреченост. Дополнително, членовите на ИО да бидат информирани и едуцирани за користење на гласачките помагала и процедури за обезбедување непречен пристап до правото на глас за гласачите со попреченост.
- Постоечките алатки за пристапно гласање за лицата со попреченост треба да се подобрат, како и информираноста на членовите на ИО за нивно користење. Гласачките паравани треба да бидат изработени од постабилни и цврсти материјали или да бидат поставени на цврста површина. Гласачките паравани за лицата во количка секогаш треба да бидат отпакувани и поставени на пристапно место. Барем една од кутиите за гласање треба да биде поставена на висина на лице со количка. Граничникот за потпишување треба да биде изработен од пластика во боја (наместо проѕирен) за подобро да ја врши неговата фунција. Шаблоните за гласање на Браево писмо треба да бидат изработени од поцврст материјал.
- Државната изборна комисија да обезбеди дополнителни подобрувања на нивната интернет-страница за да биде достапна за лицата со физички, визуелни, аудитивни, интелектуални и психосоцијални пречки.

- Потребно е, во период помеѓу два изборни циклуса, да се направи програма за обука за континуирана едукација на избирачки одбори во однос на избирачкото право на лицата со попреченост, соодветна поддршка на гласачките места со материјали за поддршка на гласачите со попреченост, како и за тоа како да се обезбеди пристап за гласачите со попреченост за време на изборниот процес.
- Неопходно е ДИК да продолжи со подготовка на достапни материјали во различни формати, вклучувајќи печатени, електронски и видео (со знаковен јазик толкување, преводи и аудио), како и спроведување на кампања за едукација, преку која лица-та со попреченост ќе се информираат во врска со нивните права на глас и направеното разумно прилагодување, со кое ќе бидат поддржани во остварувањето на гласачките права.
- Неопходни се достапни материјали за гласачите со попреченост за идентификување и пријавување нерегуларности и било какви други проблеми, кои може да се да ги спречат да го остварат своето право на глас.
- При поднесување на кандидатските листи во ДИК, партиите да треба да напоменат дали имаат кандидати со попреченост, за да се води евиденција за застапеноста на кандидатите со попреченост.

# ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

- Политичките партии да вклучуваат лица со попреченост во своите редови, како и во своите органи. Политичките партии треба да се грижат за застапеноста на кандидатите со попреченост на сопствените листи на кандидати за избори.
- Политичките партии во своите програми треба да вклучуваат политики кои ги унапредуваат правата и можностите за лицата со попреченост. Во изработката на политиките да ги консулираат и вклучуваат лицата со попречност и нивните организации.
- Политичките партии треба да обезбедат достапност на нивните политички канцеларии, кампањи, интернет страници и политички програми, со што ќе се почитува принципот на еднакви можности за лицата со попреченост да учествуваат во политичкиот живот.
- Секоја политичка партија треба да се осигура дека печатените, електронските и видеоматеријалите кои се користат за кампањи се подготвени во согласност со стандардите за пристапност (толкување со знаковен јазик, титл и аудио).
- Да се остварува поголема соработка помеѓу политичките партии и организациите на лицата со попреченост, особено при изработка на предизборните програми и дизајнирањето на кампањите.

- Политичките партии да преземат активности за мотивирање на лицата со попреченост и нивните претставници за вклучување во политичкиот живот (како вклучување на кандидати со попреченост на листите за избор на пратеници и советници, подготовка на достапни политички програми за сите гласачи со кои ќе ги информираат гласачите со попреченост, средби со здруженија на лица со попреченост итн.).
- Претставниците на политичките партии (лицата одговорни за комуникација со јавноста, носителите на одлуки, креаторите на политики) да посетуваат обуки за комуникација, пристап и политики за лица со попреченост, за да се подобри изборниот пристап за лицата со попреченост и спроведување на достапни политички кампањи.
- Политичките партии треба да обезбедуваат толкување на знаковен јазик на своите политички собири, ТВ дебати, митинзи, конвенции и други политички настани.

# ЗА МЕДИУМИТЕ

- Медиумите треба да ги креираат информациите на достапен начин за да им овозможат на лицата со физички, визуелни, аудитивни, интелектуални и психо-социјални пречки да имаат пристап до информации за време на изборните процеси.
- Да се организираат обуки за медиумските работници за практиките и стандардите за покривање прашања поврзани со попреченоста. Новинарите и уредниците треба да бидат едуцирани за употреба на соодветна терминологија за попреченоста и најдобри практики за известување за лицата со попреченост за време на изборите.
- Медиумите треба да се внимаваат при организацијата на дебатни емисии и гостувања да вклучуваат и лица со попреченост и здруженија кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост.
- Да се зголеми медиумското известување и информации во врска со пречките и добрите практики за обезбедување еднакво учество на лицата со попреченост во политичкиот и изборниот процес.
- Новинарите да вложат напор во редовната работа за истражување, анализи и покривање на теми што се однесуваат на правата и условите на лицата со попреченост.
- Да се користат можностите и поканите за покривање настани посветени на прашања што се однесуваат на лицата со попреченост и преку следење на работата на здруженијата.